ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 60 – 1/2010
Загреб, 17. 07. 2010.

# З А П И С Н И К

од **7. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **17.07.2010. година** со почеток во **12.30 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во **Масарикова 16/1, Загреб**.

**Присутни:** А. Митревски – претседател на Заедницата, Ј. Цветичанин – Осиек, Н. Гроздановски – Загреб, М. Мајиќ – Задар, Б. Штерјов – Загреб и И. Дуноски – Риека.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата, Т. Брдарски – Пула и Зденко Јуриќ, претставник на фирмата „Блаж".

Седницата ја водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. Тој го поздрави новиот претседател на МКД „Кочо Рацин" од Пула, Тодор Брдарски, и му посака добредојде, па веднаш образложи дека Брдарски може да присуствува на седниците на Управниот одбор на Заедницата, но поради почитување на статутарните и законските одредби, нема право на глас во донесувањето одлуки, сè до неговото службено потврдување од страна на застапниците на Собранието на Заедницата. Исто така, членовите на УО на Заедницата и упатија честитки и скромен подарок на И. Дуноски по повод најзиното неодамнешно стапување во брак.
Потоа, по утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки, претс. А. Митревски го прочита дн. ред за истата. И. Дуноски предложи да се додаде уште една точка која би била ставена деветта по ред и по расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** со тоа дополнување, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 6-та седница на УО;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.04.-30.06.2010.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат на седницата во писмен облик во 2 копии (едната останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, а другата ќе се доставува до Амбасадата на РМ во РХ), а останатите 5 копии на Информаторот, друштвата меѓусебно директно треба да си ги проследат пред седницата;
3. Усвојување на „Polugodišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2010. godine (Obrazac FP-1)" со обрасците FP-2/Informiranje, FP-3/Izdavaštvo,

**FP-4/Kulturni amaterizam, FP-5/Kulturne** manifestacije, FP-6/Investicijska **ulaganja и со трошковниците, патните налози и авторските хонорари;**

4. **Усвојување** на **Планот и програмата на работа** на Заедницата за 2010 година со **финансиска конструкција;**
5. **Донесување** на **Финансиски** план **на Заедницата** за периодот од 01.04.-31.12.2010. **година;**
6. **Договор околу** **реализацијата** на **програмите** во 2010 година и усвојување **на донесените одлуки;**
7. **Усвојување на** Понуда **за реновирање** и адаптација на просториите на Заедницата **и набавка на канцелариска и техничка опрема за потребите на** Заедницата;
8. **Договор за понатамошната работа на** WEB **страницата** на Заедницата и усвојување **на донесените** одлуки;
9. **Расправа за работата на членовите на Надзорниот** одбор на Заедницата;
10. **Разно.**

**Ад. 1.** **М. Мајиќ** даде **забелешка** дека **предлозите** кои таа ги изнесува на УО не се **секогаш запишувани** во записникот **дека** таа ги **дала.** И. Дуноски даде забелешка дека во **записникот** не се запишани деталите во врска со преземањето на изложбата на Александар **Јанкулоски Цане** од страна на друштвата, за што беше речено дека никакви детали ниту не **беа изнесени на** седницата, туку беа **проследени подоцна,** веднаш по дознавањето на **истите.** По **расправата,** **членовите** на УО со **јавно** гласање **едногласно го усвоија записникот од 6.** седница (прилог).

**Ад. 2.** **Информаторот** беше **подготвен** и **предаден од** страна на друштвата од Риека и Загреб, **и Заедницата (прилог).** **Друштвото од** Осиек **даде** информатор на 4 друштва, но **заради колор фотографиите одлучи** останатите да **ги проследи** по електронска пошта. **Поради тоа,** а и **поради заштеда на средства како** и **скратување** на работата, на предлог на J. **Цветичанин,** **членовите** на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- **Информаторот** во иднина (секогаш **пред седницата**) да се подготвува и проследува **по електронска** пошта до Заедницата, **која понатака** ќе го проследува на **сите друштва и Амбасадата.**

**Ад. 3.** **За Полугодишниот финансиски** извештај **на Заедницата** („Polugodišnji financijski izvještaj **Zajednice** za **razdoblje od** 01.01.-30.06.2010. **godine** (Obrazac FP-1)") заедно со **обрасците FP-2/Informiranje,** FP-3/Izdavaštvo, **FP-4/Kulturni** amaterizam, FP-5/Kulturne **manifestacije, FP-6**/Investicijska **ulaganja,** и со **трошковниците,** патните налози и авторските хонорари (**прилог**), Е. Петровска **рече** дека е **уредно изработен,** но се доцнеше со неговата **изработка и проследувањето** до **членовите** за **седницата** поради доцнењето на претс. **Митревски** со **предавањето** на **сметките од манифестацијата** „Денови на македонската култура" **во Сплит.** Се заклучи дека тоа **повеќе** не **смее** да се повтори и материјалите треба **навремено да** бидат проследувани до **членовите како** би можеле да ги проучат и да се **подготват за седницата.**

**Поради промените** кои ги **воведе** Советот за **национални** малцинства на РХ, односно **новиот начин** на **изработка** на Извештајот, не се **изработуваше** Извештај за првото **тромесечје во оваа година,** па **изработката** на Полугодишниот извештај на новите обрасци кои **Советот** ги **достави** во **јуни беше многу пообемна** и траеше подолго. Е. Петровска,

исто така, рече дека за УО е изработен и „стариот“ Извештај со додаток на промените кои се воведени во новиот, за да се има поголема и попрецизна прегледност на финансиската ситуација на Заедницата. Потоа се расправаше за новите обрасци и за трошоците. Ј. Цветичанин даде забелешка дека патните трошоци на Митревски за присуствувањето на „Деновите на браќа Миладиновци“, а и воопшто, се доста високи, па во име на штедењето, даде предлог неговите патувања во иднина да се прилагодуваат на потребите и можностите, односно да се сведат на минимум. Поради тоа, го замоли претседателот да не доаѓа на есен во Ѓаково за изложбата на А. Ј. Цане, како ни на „Деновите на македонската култура“ во Осиек, бидејќи тие не се јубилејни манифестации каде неговото присуство е неопходно, а и ќе се заштеди на средствата. М. Мајиќ напротив, рече дека смета дека присуството на Митревски во Задар беше од големо значење за угледот на Македонците и дека таа и понатака ќе го вика на сите важни манифестации што ќе се одржуваат. Т. Брдарски пак, даде предлог патувањата на претседателот да не се укинуваат, туку трошоците да се редуцираат со плаќање пола од Заедницата, а пола од друштвото кое го повикува. Но, тука се потегна прашањето дека со тој предлог нема да се решат патувањата кои не се врзани со друштвата како што се разни состаноци, промоции, конференции и сл. И. Дуноски рече дека оваа година патувањата на Митревски се намалени за околу 40% во однос на истиот период од минатата година што е сепак премалку. Таа бројка е сè уште преголема за овие кризни времиња. Се даде предлог за сите патни налози на претседателот кои не се врзани со манифестациите на ниво на Заедницата и Советот, да се консултираат членовите на УО кои треба да проценат дали се истите потребни или не. Предлогот не беше усвоен.
За поканата за Годишната конференција на иселеничките организации на Агенцијата за иселеништво на РМ која се одржува на 20 и 21 јули во Скопје, не му беа одобрени патни трошоци на претседателот, бидејќи потпретс. Н. Гроздановски оди приватно во РМ, и може тој да присуствува на Конференцијата, па членовите на УО се согласија да му се исплатат на Гроздановски средства за трошоци во износ од 300,00 кн. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** Полугодишниот финансиски извештај заедно со трошковниците, патните налози и авторските хонорари, со забелешка дека материјалите не беа доставени на време и дека тоа во иднина не смее да се повтори.

По оваа точка членовите на УО направија куса пауза.

**Ад. 4.** И. Дуноски даде забелешка за Планот и програмата на работа на Заедницата за 2010 година со финансиска конструкција дека во културните манифестации на ниво на Заедницата во точката 3. каде се работи за манифестацијата „Денови на глагољашите во Истра“ не е напишано дека таа манифестација се одржува и во организација на МКД „Илинден“ од Риека покрај МКД „Кочо Рацин“ од Пула, за што Е. Петровска рече дека е тоа ненамерна грешка и пропуст во пишувањето на Планот. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** Планот и програмата на работа на Заедницата за 2010 година со финансиска конструкција (прилог).

**Ад. 5.** По претставениот предлог (прилог), членовите на УО со јавно гласање **едногласно го донесоа** Финансискиот план на Заедницата за периодот од 01.04.-31.12.2010. година.

**Ад. 6.** М. Мајиќ даде забелешка дека во списанието „Македонски глас“ и понатаму не се почитува правилото сите друштва подеднакво да се застапени со нивните прилози, туку

тие се селектираат по некакви непишани критериуми на главната уредничка, што не е праведно за одбиените дописници. Т. Брдарски пак, даде забелешка дека дописникот од Пула не се консултирал со него во врска со објавувањето на интервјуто за него како нов претседател на друштвото. А. Митревски рече дека наскоро ќе треба да се свика состанок на Колегиумот за да се исправат и дефинираат работите врзани за списанието, на што Ј. Цветичанин рече дека нема потреба да се одржуваат такви состаноци за време на оваа рецесија, бидејќи сите проблеми можат да се решат и по пат на електронска пошта во која што ќе се изнесат проблемите, но и решенијата. И. Дуноски праша дали може во бр. 65 да влезе прилогот за Илинден, на што Е. Петровска рече дека е тоа предоцна, бидејќи бројот е скоро готов и треба да влезе во печатница на 26-ти за да може да биде отпечатен до Илинден. На тоа, А. Митревски даде предлог во случај бројот да не влезе во печатница до 26-ти, со него треба да се причека и во него да се вметне и прилогот од Илинден на 4 екстра страници во боја, кој предлог членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**.

Што се однесува до организацијата и распределбата на трошоците за манифестацијата „Илинден 2010", се одлучи следното: Буџетот не смее да се надмине. Од вкупно 43.000,00 кн. (30.000,00 од Заедницата и 13.000,00 од МКД од Риека), се делат како следи: Наем на „Голубињак" 3.000,00 кн. Трошоци за ВИП масата за пијалоци 1.500,00 кн. 2 пансиона на фолклорот 13.000,00 кн. (третиот да се реши со гостување во Самобор – се задолжува Митревски). Прехрамбени продукти за гравот 9.500,00 кн. Спремањето на гравот од страна на војската да биде бесплатно – се задолжува Митревски да го реши тоа, а Дуноски да ги даде контактите. Разгласот да го донесе МКД од Пула за 500,00 кн. патни трошоци. Остатокот од 15.500,00 кн. останува за сите автобуси, кои минатата година изнесуваа 18.420,00 кн. со уплатата од 20% (Сите друштва и оваа година да уплатат на Заедницата 20% од износот на својот автобус или да најдат спонзор). За разликата од 2.920,00 кн. или повеќе да се најде спонзор кој ќе ја покрие.

**Ад. 7.** Претс. А. Митревски рече дека од Советот за национални малцинства на РХ оваа година се добиени средства во вкупен износ од 50.000,00 кн., кои се наменети за реновирање и адаптација на просториите на Заедницата и набавка на канцелариска и техничка опрема за потребите на Заедницата. Од трите добиени Понуди за реновирање и адаптација на просториите на Заедницата (прилог), тој на присутните им го претстави Зденко Јуриќ, претставникот на фирмата „Блаж", кој беше повикан на седницата како најповолен понудувач (останатите две Понуди беа од фирмата „Управитељ градња" – 70.857,60 кн. и „Теракота" – од 50.000,00 до 55.000,00 кн.). Понудата на фирмата „Блаж" во вкупен износ од 42.102,90 кн. опфаќа: комплетна санација на балконот од страната на дворот заедно со фасадниот ѕид и оградата на балконот; фарбање и обработка на комплетната столарија во сите простории вклучувајќи ги и прозорците; кречење на ѕидовите на канцеларијата на Заедницата, кујната и ходникот; санација на спуштените плафони, одвоз на отпадниот материјал и сл. Зденко Јуриќ подетално ги објасни ставките од Понудата и рече дека реновирањето ќе се извршува по зададените приоритети, додека исплатата ќе биде 50% однапред (за набавка на материјал), а остатокот по етапи зависно од работата и по извршувањето на комплетното реновирање. Е. Петровска рече дека ќе разговара со претставникот на зградата, Стјепан Балиќ, пред самото реновирање на станот, кое се предвидува за на есен, да се реши лимаријата (олуците) околу балконот со средствата од заедничката причува. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се прифаќа Понудата за реновирање и адаптација на просториите на Заедницата на фирмата „Блаж";

- Се задолжува Е. Петровска за водење на работите и донесување и спроведување на сите одлуки во врска со реновирањето и адаптацијата, а Н. Гроздановски се задолжува за надгледување на истите;
- Преостанатите средства до износот од 50.000,00 кн. да се потрошат за набавка на канцелариска и техничка опрема за потребите на Заедницата – компјутер, фрижидер, правосмукалка, и сл.

**Ад. 8.** Е. Петровска рече дека Веб страницата на Заедницата е во последните година дена прилично запуштена, бидејќи таа самата веќе нема доволно време да подготвува материјали за истата, а досега УО не донел никаква одлука кој ќе биде задолжен како координатор да преземе обврска и да се грижи за таа работа. Во минатата година не му беа ниту исплатени средствата во износ од 1.200,00 кн. на Веб мајсторот Мирослав Бертол, поради тоа што скоро ништо не се ни ажурираше. Во врска со тоа, таа ги замоли присутните да донесат некакво решение, зашто во спротивно Веб страницата ќе мора да се угаси. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- На Веб мајсторот Мирослав Бертол да му се подмири сметката од вкупно 1.200,00 кн. за работата во 2010 година;
- Да се продолжи соработката со Веб мајсторот Мирослав Бертол, и да се бара од него да направи потполно нов дизајн на страницата;
- Се задолжува Е. Петровска да му ги проследува на Веб мајсторот Мирослав Бертол информациите од Друштвата кои ќе се ставаат на Веб страницата, со претходно одобрение од претседателот А. Митревски;
- Се задолжуваат претседателите на Друштвата да осигурат лице кое на Е. Петровска ќе и доставува комплетно средени информации за Веб страницата.

**Ад. 9.** Претседателот А. Митревски нагласи дека работата на Надзорниот одбор на Заедницата е во надлежност на Собранието на Заедницата, а не на УО. Членовите на НО се должни меѓусебно да се договорат кога ќе извршат контрола и подготват Записник за финансиското работење на Заедницата. Досега била пракса контролата да се врши еднаш годишно пред одржувањето на Собранието. Како оваа година поради заштеда на средствата се донесе одлука Собранието да не се одржува, НО требаше самостално да одлучи дали сепак има потреба да се изврши контрола и направи Записник. Заклучок беше дека НО треба континуирано да ја следи работата на Заедницата преку материјалите и записниците од седниците на УО.

**Ад. 10.** Под точката разно, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се одбива барањето на главната и одговорна уредничка на списанието „Македонски глас“, Марина Апостоловска, за исплата на износ од 350,00 кн. за претплата на користење информативни агенции (прилог) – **со 1 глас за, 4 гласа против и 1 глас воздржан**; Износот и понатака останува 150,00 кн. по број;
- Се даруваат по 20 примероци од најновата книга „Хронологија на Охридската Архиепископија – II издание“ од Огнен Бојаџиски на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 50,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 180,00 кн.
- Се одобрува на Е. Петровска да користи годишен одмор до 06.09.2010 година.

**На крајот, претседателот А. Митревски ги подели шесте македонски знамиња на друштвата, подарок од НИК „Нова Македонија", РМ.** Ј. Цветичанин пак, и подари на **Заедницата ДВД од овогодишната културна манифестација „13. Денови на браќата Миладиновци" во Осиек и Ѓаково и изрази голема благодарност до сите за организираните хуманитарни акции за малиот Јане Велковски.**

**По ова, сите теми за расправа беа исцрпени и претс.** А. Митревски ја затвори седницата.

**Седницата заврши во 17.40 часот.**

**Записничарка:**

**Дипл.инг. Елизабета Петровска,**
**секретарка на Заедницата**

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ